**Shoqata e intelektualëve ”Klubi demokratik” – Shkup**
**Здружениjе на интелектуалци ”Демократски Клуб ” - Скопје**

**Завршни заклучоци од научната дебата - Албанскиот јазик и образование во Република Македонија, одржана на 11 март 2010**

Врз основа на дискусиите на бројните учесници во расправата нивните размислувања можеме да ги сведеме во следниве заклучоци

1. Сите обиди во минатото за наметнување на централистички и интегристички **лингвистички стратегии** за хомогенизирање на мултиетничкото општество се покажале како неуспешни. Наместо таквите концепции на насилно наметнување, неопходен е заемен пристап и разбирање меѓу интелектуалците, почитување на идентитетите на етничките заедници и постепено стимулирање и иницирање активности за запознавање на јазиците и културите во државата. Во оваа насока значајна улога имаат: политичката тежина на лингвистичката група, бројноста на групата, медиуимите и групите за притисок, демократизацијата на меѓуетничките односи и на целото општество.

2. Во услови на сеуште недоволно доизградени и сеуште чуствителни меѓуетнички односи, секое наметнување на лингвистички решенија кои не се прифатливи за етникумите, независно дали зад нив стојат и афирмирани меѓународни институции или државни авторитети, како што е предлогот за воведување настава на македонски јазик за децата Албанци од прво одделение, не се продуктивни и ги нарушуваат меѓуетничките односи. Инаку, овој предлог е спротивен на Законот за основното образование од 2008г,

3. Сметаме дека интеграцијата на општеството, што реципрочно треба да биде проследена и кај македонската етничка заедница и кај албанска етничка заедница, потребно е да се направат заеднички напори за изучување на нивните јазици во една мултиетничка држава како што е РМ

4. Сметаме дека решенијата не би требало да се бараат преку Промените на Охридскиот рамковен договор кој е гарантиран од страна на домашните и меѓунаропдните политички субјекти.

Законодавството во државата треба да ги следи општите процеси на демократизацијата и еволуцијата на мултиетничкото општество. Во оваа насока сметаме дека е неопходно и корисно да продолжи дијалогот меѓу интелектуалците и политичарите во барањето на нови решенија. РМ е мала држава, нејзината предност е во фактот што бројот на политичарите и интелектуалците е таков што тие воглавно добро се познаваат и често можат да се договараат и дискутираат за темите на нивните меѓуетнички спорови.

5. Потребна е темелна реформа во образованието, бидејќи од образовните односи зависи одржливоста на државата

6. Административниот дел во училиштата да се води на јазикот на кој се изучува наставата

7. Со измени на Уставот на РМ потребно е да се прошири уставната основа за употреба на албанскиот јазик како официјален јазик во сите институции на државата.

**Здружение на интелектуалци ”Демократски Клуб ” - Скопје**